Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08,167/10 и 51/11) и член 38 став 5 од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/2010, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15 и 145/15), министерот за образование и наука донесе Наставна програма по *англиски јазик* (прв странски јазик) за II (втора) година на средното четиригодишно образование (гимназиско образование, уметничко образование, средно стручно образование и спортска академија).

НАСТАВНА ПРОГРАМА

Министерство за образование и наука
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# АНГЛИСКИ ЈАЗИК

II година

Средно четиригодишно образование

Скопје, септември 2015

## 1. ВОВЕД

Предметот англиски јазик како прв странски јазик е застапен во наставниот план за гимназиското образование, уметничкото образование и како општообразовен предмет во средното четиригодишно стручно образование и спортската акдемија од прва до четврта година.

Современата настава по странски јазици за учениците ја определува широко сфатената цел за усни и писмени комуникациски компетенции на странскиот јазик проширени со читачки, социокултурни и интеркултурни компетенции. Наставата е насочена кон ученикот како субјект во наставниот процес, неговиот когнитивен, афективно-социјален развој, односно на развојот на неговата самостојност во учењето и стекнувањето стратегии на учење како основа за доживотно учење.

Предметот англиски јазик за втора година на четиригодишното средно образование се изучува со 3 (три) часа неделно, односно 108 часа годишно и има статус на задолжителен предмет.

Наставната програма е наменета за наставата по англиски јазик за гимназиските, уметничките и четиригодишните средни стручни училишта и спортската академија.

Појдовни основи за изготвувањето на наставната програма за II (втора) година на средното образование се:

- *Заедничката европска референтна рамка за јазиците* (теориските основи и целите на современата настава по странските јазици и нивоата на компетенции за комуникативна употреба на странскиот јазик)[1];

-Постигањата на учениците од прва година на средното образование, односно постигнато ниво А2+ ( зајакнато темелно ниво) согласно *Заедничката европска референтна рамка за јазиците.*

---

[1] Како ориентација во однос на нивоата на јазчни компетенции кои учениците би требало да ги постигнат на крајот на секоја година на средното образование се земени предвид насоките од *Заедничката европска референтна рамка за јазиците,* кои разликуваат вкупно шест нивоа на комуникативно користење на странскиот јазик: Во подрачјето на елементарно ниво тоа се нивоата А1 (подготвително ниво/Breakthrough) и А2 (темелно ниво/Waystage), во подрачјето на самостојно користење на јазикот нивоата В1 (преодно ниво/Threshold) и В2 (самостојно ниво/Vantage) и во подрачјето на компетентно користење на јазикот ниво С1 (напредно ниво/Effective Operational Proficiency) и С2 (највисоко ниво/Mastery).

Во условите на учење на англискиот јазик во Република Македонија учениците после 9 години учење (по завршувањето на IX одделение) можат целосно да го постигнат нивото А2 (темелно ниво).

После првата година на учење на англискиот јазик во средното образование можат да го постигнат А2 + ( зајакнато темелно ниво), после втората година на учење на англискиот јазик во средното образование можат да го постигнат В1 (преодно ниво), после трета година учење на англискиот јазик во средното образование можат да го постигнат В1+ (зајакнато преодно ниво), а после 13 години учење (по завршувањето на IV година) можат целосно да го постигнат Б2 (самостојно ниво). Постигнувањето на компетенциите согласно наведените нивоа ќе бидат прикажани преку очекуваните резултати во сите наставни програми за средно образование ( за I, II, III и IV година).

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ЗА II (ВТОРА) ГОДИНА

Ученикот/ученичката:

- да го збогати лексичкиот фонд на рецептивно и продуктивно ниво;
- да ги употребува точно граматичките структури предвидени за изучување во втора година на средното образование;
- да разбира слухово куси искази и текстови на позната и помалку позната тематика заради извлекување конкретни информации и главна идеја;
- да се оспособи да чита куси текстови за определување конкретни информации и главната идеја од текстови со позната и помалку позната тематика;
- да може да учествува во едноставна усна комуникација со правилен изговор и соодветна примена на јазичните функции;
- да се оспособи да пишува едноставни јазични искази и куси текстови со примена на соодветни јазични функции и интерпункција;
- да развие свест за вредностите на сопствената и други култури.

## 3. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| Компонента 1. ЛЕКСИЧКИ ЕДИНИЦИ [2] | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Примери** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>- да може да ги разбере лексичките единици предвидени за ова ниво на изучување (Б 1);<br><br>- да може да ги користи лексичките единици на продуктивно ниво за ова ниво на изучување;<br><br>- да може да ги артикулира (изговара правилно) лексичките единици предвидени за ова ниво на изучување;<br><br>-да може да разликува неформална и формална употреба на лексичките единици. | Семејство/луѓе<br><br>- Физички изглед, карактерни особини<br><br>-Чувства, расположенија, желби, интерес, занимања | -My brother Jake has bright eyes and curly fair hair. He is a mischievous, daring boy.<br><br>-Every day Lily is so enthusiastic to begin her day that she jumps out of bed and begins to sing.<br><br>-Would you like to come to the disco with us tonight?<br>– Thanks, I'd love to.<br><br>-I found out today that I'm going to win a prize for a short story I submitted to a competition in a national newspaper.<br>– Wow! That's a real achievement.<br><br>-What do you do for a living?<br>-I'm a student. As for making money, I work as a web designer 5 hours a week. | Активности од типот:<br><br>- водење разговор на одредена тема, усни презентации, игри по улоги, симулации, интервјуа и анкети, драмски техники (пантонима, жешко столче, смрзната слика и сл.);<br>-активности со слушање песни (дополнување на текст, поврзување со слики, подредување и сл.);<br>- игри (мемориски, со асоцијации, крстозбор, игри со погодување, бесилка и сл.);<br>- активост од типот на пишување диктат. |

[2] За потребите на уметничките и четиригодишните средни стручни училишта , наставниците можат да предвидат лексички единици соодветни на видот на средното училиште, односно на соодветната струка (стручна терминологија).

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Животот во училиштето | A: I am a member of the drama club.<br>B: When is your next rehearsal?<br><br>A: The headmaster wanted to see you in his office.<br>B: Oh no! What did I do? | |
| | Филм<br><br>Уметност<br><br>Книги и литература | -“Before the Rain” is a Macedonian film released in 1994 which was directed by Milcho Manchevski. It was nominated for an Academy Award for Best Foreign Language Film and won Golden Lion award at 51st Venice International Film Festival.<br><br>The famous artist Pablo Picasso donated his painting Head of a Woman (1963), which was exhibited in the new post-earthquake Contemporary Art Museum of Macedonia in Skopje.<br><br>Dante Alighieri was a major Italian poet of the Middle Ages. His Divine Comedy is widely considered the greatest literary work and masterpiece of world literature. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Современи комуникации | - Researchers found that a great number of teenagers questioned in a survey said that their favourite activity was FB chatting as the coolest and trendiest way to socialize.<br><br>-What technology do you use most?<br>-I use my tablet and my mobile with touch screen. | |
| | Стилови на живеење и тековни настани | - One advantage of living in a city is having everything so close at hand.<br>-The fantastic scenery of a sleepy village surrounded by woods and rivers is preferred by country lovers. | |
| | Активности во слободно време | -What about a night out at Nick's club? There's a circus show and a disco afterwards.<br><br>-Looking for an ideal getaway? Come to the beautiful island of Zakynthos and relax on the beach and swim in the clear blue sea. | |
| | Образование | -What age did you start kindergarten?<br>-Primary education is followed by secondary education.<br>-Secondary education has become compulsory. | |

| Компонента 2. ГРАМАТИКА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Примери** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да може да ги разбере граматичките структури на ова ниво (Б 1);<br><br>- да може да продуцира граматички точни реченици со комплексност на ова ниво;<br><br>- да може да разликува формална и неформална употреба на одредени структури. | Именки:<br><br>-Суфикси за формирање именки од глаголи: -er, -ion, -y<br><br>-Суфикси за формирање именки од именки<br><br>-Присвојност со *of* кај предмети<br><br>Придавки:<br><br>-Самостојни придавки<br><br>-Суфикси за формирање придавки од именки : -able, -ful, -less, -ous, -y<br><br>-Основни и екстремни<br><br>-Редослед на придавките во реченицата (opinion, appearance, origin) | play – player<br>recover – recovery<br>act – action<br><br>waiter – waitress<br>prince – princess<br><br>the edge of the desk<br><br><br><br>the old, the Spanish<br><br>-knowledgeable, thoughtful, jobless, famous, sunny,<br><br>beautiful – gorgeous<br>good –superb<br><br>I want to buy a beautiful, new German car. | Активности од типот:<br>- слушање исказ од наставникот и невербално реагирање на истиот (мимика, гестакулација, TPR);<br>- вежби од типот на вербално реагирање на поставено прашање;<br>- вежби со користење илустрации флеш карти, постери;<br>- диктоглос (граматичко диктирање);<br>- дополнување реченици;<br>- средување текстови;<br>- играње по улоги и симулации на дадени ситуации;<br>- активности од типот пополнување и дополнување на празни места во реченицата;<br>- вежби од типот на повеќечлен избор;<br>- поврзување зборови или делови од реченици;<br>- комбинирање и трансформации на зборови и реченици;<br>- сложувалки, крстозбори, квизови интерактивни вежби и игри на Интернет и други активности;<br>- споредба и воочување на разликите во употребата на членовите/предлозите во англискиот и мајчиниот јазик. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | -Колокации со придавки | a deep feeling, a heavy sleeper, a strong sense | |
| | Прилози:<br>-За степен: rather, nearly<br><br><br><br><br>-Редослед на прилозите во реченицата (начин, место, време)<br><br><br><br>-Компаратив и суперлатив кај прилозите | <br>This is rather unexpected.<br>We were nearly frozen to death.<br><br>Helen sang the song happily in the bathroom yesterday evening.<br><br>You speak more loudly than a loudspeaker.<br>Of all the boys, your brother sang the most sweetly. | |
| | Предлози<br>-Зборови и предлози што одат заедно | Are you going to apply for that job at university?<br>What kind of sport are you keen on?<br>I am afraid of losing my job.<br>You should prepare for your interview. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Модални глаголи<br>-ought to, need to | -Elisabeth ought to improve her attitude. If she doesn’t, she might get fired.<br>-I need to drop by his room to pick up the book. | |
| | Модални глаголи во минато време<br>-should have, might have | We had a great time at the party. You should have come with us.<br>They might have left already. | |
| | -Would – изразување навика во минатото | Every night my mother would tell me a story and I would fall asleep. | |
| | Future Continuous tense | Lana will be moving to a new flat next week. | |
| | Present Perfect Continuous tense | Sandy has got a stiff neck. She has been working too long on the computer. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Глаголи со честици | When my computer crashed, I lost my files. It’s a good thing to back up your files.<br>We ran out of gas on the way to the office. | |
| | -Прашални и одречни реченици со Past Perfect tense | -When you called, had they eaten dinner?<br>-He had not used email before, so I showed him how to use it. | |
| | -Прашални додатоци на потврдни и одречни реченици (question tags) | -You have cleaned your bike, haven’t you?<br>-Mary didn’t do her homework last night, did she? | |
| | -Условни реченици<br>II- тип<br><br>III- тип | -If Ben were older, he could vote in the election.<br>-If Mary had studied, she would have passed the exam. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | - Индиректен говор<br>-со промена на време во yes/no прашања и прашања со прашален збор | -“Do you speak English?”<br>He asked me whether/if I spoke English.<br><br>-“Why don’t you speak English?”<br>He asked me why I didn’t speak English. | |

| Компоненета 3. ЈАЗИЧНИ ФУНКЦИИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Примери** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да може да комуницира во соодветни говорни ситуации со примена на јазичните функции. | Изразување:<br>жалење<br><br><br><br>опомена<br><br><br>совет<br><br><br>можност/неможност<br><br><br>условност | The parcel never arrived. I wish it hadn`t got lost in the post.<br><br>I wish you wouldn’t arrive so late all the time.<br><br>You ought to work harder than that.<br><br>We may not be able to travel by car.<br><br>If I had worked harder at school, I would have got | Активности од типот:<br>- Игри во двојки и дијалози меѓу двајца или тројца ученици; работа во групи;<br>- користење аудиовизуелни средства (видеа, флеш карти, постери) со цел извлекување на јазичната функција за којашто станува збор;<br>- вежби со користење мимики и пантомима, драматизации и играње на улоги, а и варијации на веќе обработени дијалози;<br>- вежби од типот sentence framing, split information, chain games, guessing games, memory games;<br>- вежби од типот general knowledge |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | better grades. | questions, surveys. |
| | сомневање | He might be telling the truth, but I have my doubts. | |
| | навика во минатото | My teachers would always say “Sit down and shut up!” | |
| | обврска | A: You need to submit your application form by next Monday.<br>B: Thanks for the reminder. | |
| | Давање мислење | I’m afraid you’ve completely misunderstood the question. | |
| | Прекажување искази | He wanted to know if the criteria are valid. | |

| **Компонента 4. СЛУШАЊЕ СО РАЗБИРАЊЕ** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Примери** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>- да може да воочи специфични иформации во искази на теми понудени во компонентата *Лексички единици.* | Куси искази | Recovery groups help people overcome addictions.<br><br>A: I’m a really heavy sleeper and it’s almost impossible to wake me up.<br>B: Me, too. Waking up for school is the worst. | - Вежби од аудиоснимки со: повеќечлен избор кои содржат еден збор за препознавање;<br>- повеќечлен избор кои содржат куси искази за заокружување и дополнување на реченици со еден збор;<br>- едноставни дијалози продуцирани од изворни говорници кои опфаќаат |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | You are thoughtful if you consider how your actions and words will affect other people's feelings. | познати зборови и колокации, вистинити и невистинити искази;<br>- текст за надополнување со веќе дадени зборови или колокации;<br>- табели за надополнување на информации;<br>- текст за надополнување на реченици со веќе дадени/понудени зборови. |
| - да може да разбере значење на кус текст на теми понудени во компонентата *Лексички единици.* | Куси текстови | “Before the Rain“ is divided into three stories, all of which focus on tragic and doomed love affairs. In the first episode, *Words*, we meet Kiril, a young monk who has taken a vow of silence, who stands up for Zamira, a young Albanian girl accused of murder and is on the run from a mob. For her sake, Kiril leaves the monastery and the two of them make their way through the Macedonian landscape. | |

| **Компонента 5. ГОВОРЕЊЕ** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Примери** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>- да може правилно да го изговара акцентот кај основни и изведени зборови;<br><br>- да може да изведува именки од глаголи и обратно со поместување на акцентот. | Зборови | advert – advertisement<br>music – musician<br>invite - invitation<br><br>\`transport (n)<br>trans\`port (v)<br>pro\`duce (n)<br>prod\`uce (v) | Активности од типот на:<br>- слушање и повторување реченици;<br>- гласно читање на дадени дијалози (драматизација) и креирање нови;<br>- опишување на определена ситуација, место или личност според дадена слика/фотографија;<br>- играње по улоги и симулации на дадени ситуации;<br>- интерактивни вежби од типот на: спроведување анкета, интервју, играње асоцијација, драмски изведби и сл.;<br>- дискусија на дадена тема;<br>- вежби со импровизиран говор (impromptu speech) и сл. |
| - да може правилно да изговара нагорна и надолна интонација.<br><br>-да множе правилно да изговара реченици со акцент што го определува нивното значење. | Реченици | ↗<br>Are you hungry?<br>↘<br>Where’s the nearest post office?<br><br>I gave you **Harry\`s** mobile phone number yesterday (not Jacob\`s). | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | I gave you Harry`s **mobile** phone number yesterday (not his home number).<br><br>**I** gave you Harry`s mobile phone number yesterday (I gave it to you, not Mary).<br><br>I gave you Harry`s mobile phone number **yesterday** (not the day before). | |
| - да може усно да комуницира во секојдневни формални и неформални изрази користејќи ги предвидените јазични функции и јазични елементи. | Говорна интеракција | A: Close the door, will you?<br>B: Sure.<br>A: Thanks!<br>(informal)<br><br>A: Would you mind closing the door, please?<br>B: Not at all.<br>A: Thank you very much.<br>(formal) | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да може да ги искажува своите искуства, чувства, реакции, ставови, желби и интереси со предвидените јазични функции и јазични елементи. | Говорна интеракција | A: What was the last book you read?<br>B: It was *The Decameron* by Italian author Giovanni Boccaccio.<br>A: What did you think of it?<br>B: It was a great read! It is a collection of one hundred stories about love and life lessons. It`s a must-read! | |
| - да може да комуницира на дадена тема. | Говорна продукција (искажување и раскажување на дадена тема) | I have always struggled with the stress of exams, and the horrible nervousness that happens on the day itself. Even if I have revised as much as possible, anxiety still takes over. | |

| Компонента 6. ЧИТАЊЕ СО РАЗБИРАЊЕ[3] | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Примери** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>- да може да ја идентификува главната идеја во текстови со познати и помалку познати содржини; | Текстови | If you don't have any plans this summer and want to learn something cool and fun to impress your friends then why don't you try a | Активности од типот на:<br>- одговарање на прашања;<br>- точни/неточни реченици;<br>- пополнување и дополнување на |

[3] За потребите на уметничките и четиригодишните средни стручни училишта , наставниците можат да предвидат (воведат) текстови кои на рецептивно ниво ќе го доближат општиот англиски јазик до јазикот на струката.

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | circus skill! I don't mean doing acrobatics on top of an elephant or jumping through a ring of fire but there are plenty of skills that are easy to learn with a bit of practice... | празни места во реченицата;<br>- вежби од типот на повеќечлен избор;<br>- поврзување зборови или делови од реченици;<br>- подредување на реченици;<br>- поврзување слики со текст;<br>- давање нов наслов на текст и сл.;<br>- вежби од типот на повеќечлен избор;<br>- поврзување зборови со дадени дефиниции/синоними/антоними;<br>- довршување реченици;<br>- пополнување и дополнување на празни места во реченицата итн. |
| - да може да идентификува конкретни информации во даден текст од позната и помалку позната содржина; | Куси текстови (писма, статии, брошури, куси службени документи и сл.) | My favourite karate-based quote is “a black belt is a white belt who never quit” because it’s such a simple yet powerful message which teaches us not to give up on our dreams. | |
| - да може да го идентификува значењето на непознат збор во даден текст. | Куси текстови | Although the movie was made 50 years ago, it still has a contemporary feel to it... | |
| | | | |

| Компонента 7. ПИШУВАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Примери** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да пишува реченици од општ контекст;<br><br>- да може да напише неформално писмо по дадени инструкции (60-80 збора);<br><br>- да може да напише формално писмо по дадени инструкции (60-80 збора);<br><br>- | Куси пораки со испуштање на подмет (редукција)<br><br>Неформално писмо<br><br>Формално писмо | Will call you soon.<br>Just arrived this morning.<br>Got to New York just fine.<br><br>Dearest Belinda,<br><br>Got in early this morning. Brilliant weather after a cloudy start. Lovely old hotel. Had a nice breakfast with lots of fresh fruit. My terrace overlooks the sea. I am off to Rome tomorrow. Take care.<br>Lots of love as always,<br><br>Dave<br><br>Dear Mr. Williams,<br>With regard to your advertisement in the University Journal, I would be interested in receiving further information about…….<br>…….<br>I would be grateful if you could send me further information including details | Активности од типот:<br><br>- потполнување на текст со зборови кои недостасуваат според упатствата за пишување реченици;<br>- потполнување на формулари;<br>- prewriting & rewriting;<br>- free-writing approach (ученикот слободно пишува на која било тема без да води сметка за грешки);<br>- опишување на слика (дескрипција, опис на местото, природата, итн.);<br>- опишување на настани од слика (со дадени дејства);<br>- writing games;<br>- пишување реченици и текстови според звучен модел – диктат;<br>- пишување по даден комплет слики (picture set);<br>-подредување на реченици по логичен редослед;<br>-ставање зборови во правилен ред од една реченица и сл.;<br>- вежби со пишување кратенки;<br>- пишување куси состави по дадени аудитивни/визуелни информации;<br>-текст пораки (СМС пораки);<br>-имејл пораки;<br>-заедничка сложувалка;<br>-вежби со довршување на текст;<br>-поврзување реченици со сврзници; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | of the cost and course content.<br>Yours sincerely,<br><br>Joe Coleridge | -подредување пасуси од даден текст;<br>-самостојно и заедничко (групно) осмислување на текстови од слики и изработка на постер;<br>-spelling games, spelling bee;<br>-самостојна изработка на тематски постери и сл. |
| - да може да напише кус, насочен состав (100 - 120 зборови), применувајќи соодветни јазични елементи и интерпункциски знаци. | Дескриптивен и наративен состав кој се темели на лично искуство | It was a windy and cold December morning when John left the General Hospital in Toronto. The trees had no leaves left on them but still looked pretty.<br><br>I was very sad when my father told me I have to help him in the store. We sold cakes, but I did not want to sell cakes that day. He told me I must stay home and not go to school. My brothers and sisters were too young to help him and my mother was too weak and sick…… | |

| Компонента 8. КУЛТУРА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Примери** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>- да се запознае со социо-културните карактеристики на другите замји заради развивање позитивен став не само кон сопствениот културен идентитет, туку и почит кон другите култури;<br><br>- да развие љубопитност и интерес кон другите култури, да ги сфати комплексноста и значењето на изучувањето на културата, како и на предизвиците кои произлегуваат од живеењето во мултиетничка средина;<br><br>- да развие вештини за воочување на културните сличности и разлики и критичко преиспитување на културните стереотипи како основа за развивање меѓукултурна толеранција и разбирање;<br>- да развие способност за самооценување на сопствената интеркултурна компетенција (на пр. преку Европското јазично портфолио). | - Животот на младите<br>- Учтиво обраќање<br>- Културно однесување<br>- Невербална комуникација<br>- Современи комуникации (весници, списанија, писма, Интернет, телефонирање)<br>- Наука и образование<br>- Уметност и филм<br>- Животот на село и во град<br>- Спорт | Примери од компонентата *Култура* се вградени во дел од примерите во сите останати јазични компоненти (пр. животот во училиштето, филм и уметност, обраќање преку формално писмо наспроти обраќање преку неформално писмо и секојдневна електронска комуникација). | Активности од типот:<br>- читање текстови проследени со активности за сфаќање на значењето (одговарање на прашања, трансфер на информации во табела, Венов дијаграм, табела ЗСН и други графички прикази);<br>- дискусии;<br>- дебати;<br>- игри по улоги и други драмски техники (смрзната слика, табло, жешко столче, пантомима);<br>- мини проекти и презентации;<br>- интервјуа и анкети;<br>- користење автентични материјали (сувенири, разгледници, билети, брошури, мени од ресторан, географски карти и планови);<br>- користење автентичен аудио и видеоматеријал;<br>- користење материјали од Интернет;<br>- игри;<br>- активности за решавање проблеми;<br>- користење весници и списанија, како и уметничка литература соодветна на возраста на учениците;<br>- организирање изложби;<br>- соработка со училишта од странство;<br>организирање воннаставни активности и сл. |

## 4. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Целта на овие дидактички препораки е да помогнат на наставникот/наставничката да ги постигне поставените цели применувајќи во наставата најнови сознанија од подрачјето на применетата лингвистика, педагогијата и психологијата, т.е. позитивните домашни и странски искуства поврзани со наставата и учењето на англискиот јазик, но притоа да не ја ограничува неговата/нејзината креативност.

Во планирањето на наставата за втора година предвид се земени содржините во наставните програми по другите предмети кои се изучуваат во втора година, односно почитуван е принципот на меѓупредметно поврзување во однос на целите и содржините со акцент на интегрираното поврзување со содржини од мајчиниот јазик.

Фокус на вниманието на современата настава е ученикот/ученичката и процесот на учењето. Треба да се почитуваат возраста, потребите, интересите на учениците. Наставникот не е повеќе единствен извор на знаења и информации и неговата улога не е само пренесување на знаења. Неговата улога е да ги поттикнува учениците да користат и други извори на знаења и информации и да ги учи како да учат.

При изборот на активностите треба да се води сметка за диференцијацијата и разновидноста. Треба да се одберат или адаптираат активности кои би одговарале на различните стилови на учење (визуелен, аудитивен, кинестетички); различните видови интелигенција (вербална-лингвистичка, математичко-логичка, музичко-ритмичка, визуелно просторна и други), како и на нивоата на знаењата на учениците.

Треба да се има предвид дека мотивацијата за учење ја подобруваат различни форми на работа во наставата (фронтална, индивидуална и работа во парови и групи), како и менувањето на пократки и подолги, побучни и потивки активности, периоди на сконцентрирано внимание и опуштање на учениците за време на часот.

Наставата по англиски јазик се заснова на холистичко учење кое ги опфаќа когнитивните, афективните и моторните аспекти на учениците, односно наставникот ќе ги интегрира различните компоненти со што јазикот ќе се учи на функционален начин.

Согласно горенаведеното, во наставата по странски јазик не можат да се издвојат, односно не е можно да се планира бројот на часови по одделни компоненти.

Наставта за оваа возрасна група се ориентира на когнитивното учење со зголемена експликација на јазичните структури со свесна примена на јазичните структури во контекст и постапно воведување на граматичкиот метајазик. Во овој период се настојува воедначено да се развиваат говорната и писмената комуникација. Тоа значи дека се обрнува подеднакво внимание на сите јазични вештини: слушање и читање со разбирање, говорење како од аспект на говорната интеракција, така и од аспект на говорната продукција, како и компонентата *Пишување.*

Наставникот треба да ја поттикнува и развива автономијата на учениците преку активности и задачи кои ги оспособуваат учениците да ја преземат одговорноста за своето сопствено учење и знаењето кое го стекнуваат во формален контекст на учење (во училница) и да го користат надвор од неа. Од ова произлегува дека на часовите по англиски јазик се стекнуваат основни јазични и социопрагматични знаења и знаења кои се поврзани со самиот процес на учење.

Од сето наведено произлегува дека наставникот треба да ги учи учениците како полесно и побрзо да учат, како да го сочуваат наученото и како да го користат знаењето во нови ситуации, надвор од училницата, да ги запознава со целите и содржините на активностите/задачите/материјалите и стратегиите на учење кои тие ги применуваат на повисоките нивоа на учење.

Од наставникот се очекува да ги учи учениците да применуваат стратегии на успешно учење.

*Наставни средства:*

- комплет од одобрен учебнички систем;
- пакет прирачен материјал за наставникот (флешкарти, постери и друго);
- компјутер со соодветен софтвер; ЦД-рам, ТВ со ДВД;
- други извори на учење во непосредната околина – предмети во просторијата каде се изучува англискиот јазик;
- ЛЦД проектор;
- интерактивна табла;
- Интернет пристап, образовни софтвери;
- списанија за наставникот.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

*Следење на постигањата на учениците*

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за учење, соработката со другите и сл. (формативно оценување). Секоја активност на часот со која учениците ја искажуваат јазичната активност, било на рецептивно, репродуктивно или продуктивно ниво, дава можност за воочување на напредокот и негово вреднување. Тоа значи дека евалвацијата се врши како интегрален дел на самиот наставен час, а не како изолиран чин. Многу е важно при постапките на проверка на знаењето, како и оценувањето на ученикот, тие постапки да не се разликуваат од вообичаените активности на часот, односно учениците не треба посебно да се издвојуваат од групата при проверката на усното јазично реагирање.

Битно е поголем акцент да се стави на позитивните аспекти на напредокот на учениците, т.е. на она што ученикот го знае, а не она што не го знае. Важно е секој напредок да се награди соодветно, бидејќи на учениците им е потребна повратна информација за остварениот успех, што може да биде усна и писмена пофалба или позитивна реакција изразена на невербален или вербален начин.

Оценувањето на постигањата на учениците треба да биде транспарентно и согласно нивоата од Блумовата таксономија. Учениците треба однапред да бидат запознаени со критериумите и начинот на оценување.

Вреднувањето на напредокот на учениците се врши со бројчани оценки во текот на училишната година. Ученикот треба да биде вреднуван со 8 оценки во текот на учебната година (4 оценки во првото и 4 во второто полугодие). Од вкупно 8 оценки, 3 се базираат на тест, а другите 5 се базираат на усни, комуникативни проверки. Критериумите за формирање оценка треба да се експлицитни како за ученикот, така и за родителот, т.е. да се објаснат уште во почетокот на учебната година и наставникот да се придржува до тие

критериуми. Како критериуми можат да се земат: оценките од писмените работи/тестови, оценките од усното искажување/активност на часот, изработка на домашни задачи. За да се поттикне самостојноста во учењето, вештината за самоследење и самооценување, пожелно е да се користат стратегиите од делот *Јазична биографија* од *Европското јазично портфолио*; со тоа ќе им се овозможи и на родителите да имаат подобар увид во напредувањето на нивните деца во процесот на учењето на јазикот. Портфолиото ги води кон сфаќањето на учењето како процес на стекнување знаења и вештини во кои активно учествуваат. Притоа ги поттикнува на размислување за успешните стратегии на учење, за проценка на постигнатите знаења и вештини, како и за индивидуалните желби и планови за напредување и учење на странскиот јазик.

На крајот на втора година учениците се оценуваат со бројчана оценка.

Последиците за ученикот во случај на неуспех се во согласност со општата регулатива за средното образование во Република Македонија.

## 6. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализација се темели на нормативниот за простор донесен од страна на министерот за образование и наука.

Просторните услови и опременоста на училниците за успешна реализација на наставната програма за втора година треба да се во согласност со општиот норматив за опременост за реализирање на наставните програми за прва година на средното образование.

Се препорачува, заради полесен визуелен контакт помеѓу учениците и за да се слуша подобро што се зборува да има преглед на училницата, клупите да бидат наредени на следниот начин: повеќе клупи доближени заедно, разни варијанти на буквата П, како и преместување и групирање на столчињата по потреба (при драматизација).

## 7. СТАНДАРДИ НА ЗНАЕЊЕ

| Ниво на постигањата на ученикот/ученичката | Компонента 1. ЛЕКСИЧКИ ЕДИНИЦИ |
|---|---|
| 1. **Помнење** | **Препознава и именува лексички единици од следните содржини:**<br><br>- Физички изглед, карактерни особини, чувства, расположенија, желби, интерес, занимања<br>- Животот во училиштето<br>- Филм, уметност, книги и литература<br>- Современи комуникации<br>- Стилови на живеење и тековни настани<br>- Активности во слободно време<br>- Образование |
| **2. Разбирање** | **Го разбира значењето на лексичките единици од следните содржини:**<br><br>- Физички изглед, карактерни особини, чувства, расположенија, желби, интерес, занимања<br>- Животот во училиштето<br>- Филм, уметност, книги и литература<br>- Современи комуникации<br>- Стилови на живеење и тековни настани<br>- Активности во слободно време<br>- Образование |
| **3. Применување** | **Применува точно и соодветно лексички единици предвидени за ова ниво на изучување од следните содржини:**<br><br>- Физички изглед, карактерни особини, чувства, расположенија, желби, интерес, занимања<br>- Животот во училиштето<br>- Филм, уметност, книги и литература<br>- Современи комуникации<br>- Стилови на живеење и тековни настани<br>- Активности во слободно време<br>- Образование |

| Ниво на постигањата на ученикот/ученичката | **Компонента 2 . ГРАМАТИЧКИ СТРУКТУРИ** |
|---|---|
| 1. **Помнење** | - Препознава суфикси за формирање на именки од глаголи и од именки;<br>- Препознава присвојност со “of“ кај предмети;<br>- Препознава самостојни придавки;<br>- Препознава суфикси за формирање на придавки од именки;<br>- Ги препознава основните и екстремните придавки;<br>- Го препознава редоследот на придавките во реченицата;<br>- Препознава колокации со придавки;<br>- Препознава прилози за степен;<br>- Го препознава редоследот на прилозите во реченицата;<br>- Препознава формирање на компаратив и суперлатив кај прилозите;<br>- Умее да препознаи кои зборови и предлози одат заедно;<br>- Ја препознава употребата на модалните глаголи ought to и need to;<br>- Ја препознава употребата на модалните глаголи во минато време: should have, might have и would;<br>- Ја препознава формата на Future Continuous Tense и Present Perfect Continuous Tense;<br>- Ги препознава глаголите кои се употребуваат со честици;<br>- Умее да го препознае формирањето на прашални и одречни реченици во Past Perfect Tense;<br>- Умее да ги препознае Question tags;<br>- Умее да ја препознае формата на вториот тип и на третиот тип условни реченици;<br>- Го препознава формирањето на индиректниот говор кај Yes/No прашањата и прашањата со прашален збор; |
| **2. Разбирање** | 1. Прави разлика меѓу суфикси за формирање на именки од глаголи и од именки;<br>2. Препознава присвојност со “of“ кај предмети;<br>3. Препознава самостојни придавки;<br>4. Препознава суфикси за формирање на придавки од именки;<br>5. Ги препознава основните и екстремните придавки;<br>6. Го препознава редоследот на придавките во реченицата;<br>7. Препознава колокации со придавки;<br>8. Препознава прилози за степен;<br>9. Го препознава редоследот на прилозите во реченицата; |

| | |
|---|---|
| | 10. Препознава формирање на компаратив и суперлатив кај прилозите;<br>11. Умее да препознае кои зборови и предлози одат заедно;<br>12. Ја препознава употребата на модалните глаголи ought to и need to;<br>13. Ја препознава употребата на модалните глаголи во минато време: should have, might have и would;<br>14. Ја препознава формата на Future Continuous Tense и Present Perfect Continuous Tense;<br>15. Ги препознава глаголите кои се употребуваат со честици;<br>16. Умее да го препознае формирањето на прашални и одречни реченици во Past Perfect Tense;<br>17. Умее да ги препознае Question tags;<br>18. Умее да ја препознае формата на вториот тип и на третиот тип условни реченици;<br>19. Го препознава формирањето на индиректниот говор кај Yes/No прашањата и прашањата со прашален збор; |
| **3. Применување** | - Точно применува суфикси за формирање на именки од глаголи и од именки;<br>- Умее да примени присвојност со “of“ кај предмети;<br>- Применува самостојни придавки;<br>- Правилно применува суфикси за формирање на придавки од именки;<br>- Правилно ги применува основните и екстремните придавки;<br>- Умее да го примени редоследот на придавките во реченицата;<br>- Правилно применува колокации со придавки;<br>- Точно и соодветно применува прилози за степен;<br>- Точно и соодветно го применува редоследот на прилозите во реченицата;<br>- Правилно форма компаратив и суперлатив кај прилозите;<br>- Применува зборови и предлози кои одат заедно;<br>- Точно и соодветно ги употребува модалните глаголи ought to и need to;<br>- Точно и соодветно ги применува модалните глаголи во минато време: should have, might have и would;<br>- Правилно ги применува Future Continuous Tense и Present Perfect Continuous Tense;<br>- Правилно ги применува глаголите кои се употребуваат со честици;<br>- Правилно формира прашални и одречни реченици во Past Perfect Tense;<br>- Умее да ги примени Question tags;<br>- Умее да ја примени формата на вториот тип и на третиот тип условни реченици;<br>- Правилно формира индиректен говор кај Yes/No прашањата и прашањата со прашален збор; |

| Ниво на постигањата на ученикот/ученичката | Компонента 3. ЈАЗИЧНИ ФУНКЦИИ |
|---|---|
| 1. **Помнење** | / |
| **2. Разбирање** | - Разбира искази за изразување жалење;<br>- Разбира искази за изразување опомена;<br>- Разбира искази за давање совет;<br>- Разбира искази за можност/неможност;<br>- Разбира искази кои исказужаат условност и сомневање;<br>- Разбира искази за изразување навика во минатото;<br>- Разбира искази кои искажуваат обврска;<br>- Разбира искази за давање мислење;<br>- Разбира искази кои се употребуваат за прекажување; |
| **3. Применување** | - Умее да изрази жалење;<br>- Може да опомени;<br>- Умее да даде совет;<br>- Може да искаже можност/неможност;<br>- Умее да искаже условност и сомневање;<br>- Умее да искаже навика во минатото;<br>- Може да употреби искази за изразуавње обврска;<br>- Умее да даде мислење;<br>- Може да употреби искази за прекажување; |

| Ниво на постигањата на ученикот/ученичката | Компонента 4. КУЛТУРА |
|---|---|
| 1. **Помнење** | - Препознава лексички единици на тема животот на младите;<br>- Препознава лексички единици поврзани со невербална комуникација и учтиво обраќање;<br>- Препознава модели на културно однесување;<br>- Препознава лексички единици поврзани со науката и образованието;<br>- Препознава лексички единици на тема културно наследство;<br>- Препознава лексички единици на тема значајни личности и настани; |
| **2. Разбирање** | - Разбира лексички единици на тема животот на младите;<br>- Разбира лексички единици поврзани со невербална комуникација и учтиво обраќање; |

| | |
|---|---|
| | - Разбира модели на културно однесување;<br>- Разбира лексички единици поврзани со науката и образованието;<br>- Стекнува знаење на тема културно наследство;<br>- Стекнува знаење за значајни личности и настани; |
| **3. Применување** | - Применува лексички единици и јазични функции на тема животот на младите;<br>- Умее да примени лексички единици поврзани со невербална комуникација и учтиво обраќање;<br>- Умее да примени модели на културно однесување;<br>- Применува лексички единици од науката и образованието;<br>- Применува знаење на тема културно наследство;<br>- Умее да примени лексички единици на тема значајни личности и настани; |

## СТАНДАРДИ НА ВЕШТИНИ И СПОСОБНОСТИ

| **Ниво на постигањата на ученикот/ученичката** | **Компонента 1. СЛУШАЊЕ СО РАЗБИРАЊЕ** |
|---|---|
| 1. **Помнење** | / |
| **2. Разбирање** | • Разбира значење на лексички единици од следните содржини:<br>- Физички изглед, карактерни особини, чувства, расположенија, желби, интерес, занимања<br>- Животот во училиштето<br>- Филм, уметност, книги и литература<br>- Современи комуникации<br>- Стилови на живеење и тековни настани<br>- Активности во слободно време<br>- Образование<br><br>• Разбира конкретни информации во искази на теми понудени во компонентата *Лексички единици;*<br>• Ја разбира главната идеја во куси текстови на теми понудени во компонентата *Лексички единици;* |
| **3. Применување** | **/** |

| Ниво на постигањата на ученикот/ученичката | Компонента 2. ГОВОРЕЊЕ |
|---|---|
| 1. **Помнење** | / |
| **2. Разбирање** | / |
| **3. Применување** | - Правилно го изговара акцентот кај основни и изведени зборови<br>- Изведува именки од глаголи и обратно со поместување на акцентот<br>- Правилно изговара нагорна и надолна интонација<br>- Комуницира усно во секојдневни формални и неформални изрази користерјќи ги предвидените јазични функции и јазични елементи<br>- Искажува искуства, чувства, реакции, ставови, желби и интереси со предвидените јазични функции и јазични елементи<br>- Комуницира на дадена тема |

| Ниво на постигањата на ученикот/ученичката | Компонента 3. ЧИТАЊЕ СО РАЗБИРАЊЕ |
|---|---|
| 1. **Помнење** | - Препознава главната идеја во куси текстови со познати и помалку познати содржини<br>- Препознава конкретни информации во даден текст од позната и помалку позната содржина (писма, статии, брошури, куси службени документи и сл)<br>- Препознава значење на непознат збор во даден текст |
| **2. Разбирање** | - Разбира главна идеја во во куси текстови со познати и помалку познати содржини<br>- Разбира конкретна информација во даден текст од позната и помалку позната содржина. (писма, статии, брошури, куси службени документи и сл)<br>- Идентификува значење на непознат збор во даден текст |
| **3. Применување** | - Чита со идентификување на главна идеја во текстови со познати и помалку познати содржини<br>- Чита со идентификување на конкретни информации во даден текст од позната и помалку позната содржина. (писма, статии, брошури, куси службени документи и сл)<br>- Чита со идентификување на значење на непознат збор во даден текст |

| **Ниво на постигањата на ученикот/ученичката** | **Компонента 4. ПИШУВАЊЕ** |
|---|---|
| 1. **Помнење** | / |
| **2. Разбирање** | / |
| **3. Применување** | -правилно пишува реченици од општ контекст;<br>-правилно пишува неформално писмо по дадени инструкции;<br>-правилно пишува кусо формално писмо;<br>-правилно пишува кус, насочени состав применувајќи соодветни јазични елементи и интерпункциски знаци; |

## 8. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Ученикот/ученичката:

- го разбира значењето на лексичките единици предвидени за усвојување согласно барањата на наставната програма и истите може да ги репродуцира и употребува во соодветни говорни ситуации;
- граматичките структури ги употребува точно, во устен и писмен контекст;
- разбира куси искази и текстови со позната и помалку позната тематика (глобално и селективно);
- чита и идентификува конкретни информации и главна идеја во даден текст;
- комуницира во едноставни и посложени задачи кои бараат размена на информации, искажување ставови и дава опис на личност, настан и и место;
- пишува неформални писма (60-80 збора) и куси насочени состави (100-120 збора), со примена на соодветни јазични елементи и интерпункциски знаци;
- поседува информации за сопствената и другите култури и има развиено свест за вредностите на истите;
- користи ИКТ во содржини од предметот.

## 9. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

- Завршени студии по англиски јазик и книжевност /литература– наставна насока, VII [1] степен или стекнати 240 ЕКТС.
- Завршени студии по англиски јазик и книжевност (со звање професор по англиски јазик и книжевност), VII [1] степен или стекнати 240 ЕКТС.
- Завршени студии по англиски јазик и книжевност/литература – друга насока, VII [1] степен или стекнати 240 ЕКТС, и со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирани високообразовни установи.

## 10. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: **1.9.2016 година**

## 11. ПОТПИС И ДАТУМ НА УТВРДУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по *англиски јазик* за II (втора) година на средното четиригодишно образование, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

**Министер**

______________________________

**Abdilaqim Ademi**

**Арх. бр. 12-524/1**
**18.1.2016**

Изготвил: работна група, координатор, Силвана Ветероска, раководител на сектор
Контролирал: Трајче Ѓорѓијевски, раководител на одделение
Одобрил: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор